## КОМЕСАР ЗА НАТПРЕВАРУВАЊЕ

ДО ЗДРУЖЕНИЕ НА КЛУБОВИ ОД МТЕЛ СУПЕР ЛИГА - МАЖИ

СИСТЕМ И КАЛЕНДАР ЗА НАТПРЕВАРУВАЊЕ ЗА СЕЗОНАТА 2025/2026 ГОДИНА

Согласно членот 9 од Правилникот за натпреварување на КФСМ, ви го доставувам следниот систем за натпреварување во МТЕЛ Супер лига мажи за сезоната 2025/2026 година.

### 1. МТЕЛ Супер лига - мажи со дванаесет (12) екипи:

#### 1.1 Прв дел:

Се игра лига со дванаесет (12) екипи, двокружен бод систем - ФИБА-БЕРГЕР, дваесет и две кола (22) кола, по принцип:

- Секој со секого, односно, еднаш дома, еднаш на гости.

Натпреварувачките броеви се одредуваат со ждрепка, пред почеток на првенството.

Сите бодови од првиот дел на првенството, односно дваесет и две кола (22), се пренесуваат во вториот дел поделен во:

- МТЕЛ Супер лигата - Плеј оф, за екипите кои ги освоиле местата 1 до 6, и
- МТЕЛ Супер лигата - Плеј аут, за екипите кои ги освоиле местата 7 до 12.

#### 1.2 Втор дел за прворангираните шест (6) екипи по пласманот од првиот дел:

Се игра лига со шест (6) екипи, еднокружен бод систем – ФИБА-БЕРГЕР, пет (5) кола, по принцип:

- Секој со секого, еднаш, во зависност од пласманот после 22 кола (БЕРГЕР за 6 екипи согласно местата од 1 до 6)

#### 1.2.1 Втор дел за рангираните од седмо (7) до дванаесетто (12) место. Играат шест (6) екипи по пласманот од првиот дел:

Се игра лига со шест (6) екипи, еднокружен бод систем – ФИБА-БЕРГЕР, пет (5) кола, по принцип:

- Секој со секого, еднаш, во зависност од пласманот после 22 кола (во формирањето на двојките за еднокружниот БЕРГЕР за 6 екипи, екипите ги добиваат местата од 1 до 6).
- Последнопласираните три (3) екипи испаѓаат од МТЕЛ Супер лига – мажи.

#### 1.3 Плеј-оф: Првопласираните четири (4) екипи играат плеј-оф за титула државен првак за сезона 2025/26.

1.3.1 Полуфинале (1/2): Се игра во два (2) добиени натпревари од најмногу три (3) можни натпревари, по следниот распоред (1-1-1):

Двојка 1: (1-4), (4-1), (1-4) – (поразената екипа го добива бројот 3);
Двојка 2: (2-3), (3-2), (2-3) – (поразената екипа го добива бројот 4).

1.3.2 Финале: Победниците од полуфиналните натпревари, односно Двојка 1 и Двојка 2, играат финална серија на плеј-офот, во три (3) добиени натпревари од најмногу пет (5) можни натпревари, по следниот распоред: (1-2), (1-2), (2-1), (2-1), (1-2), по системот „2-2-1“.

1.3.3 За трето (3) место: Поразените од полуфиналните натпревари, односно Двојка 1 и Двојка 2, играат серија во два (2) добиени натпревари, од најмногу три (3) можни натпревари, по следниов распоред: (3-4), (4-3), (3-4), по системот „1-1-1“.

**НАПОМЕНИ:**

- При евентуалното поминување на екипите од полуфинална (1/2) фаза во финална фаза, доколку серијата заврши со 2:0, датумите за одигрување на натпреварите од финалната серија ќе се поместат, во договор со двете екипи.
- Победникот на финалната серија на плеј-оф разигрувањето е ДРЖАВЕН ПРВАК ВО КОШАРКА ЗА ТЕКОВНАТА СЕЗОНА 2025/2026 година.
- Последнопласираните три (3) екипи од МТЕЛ Супер лигата-мажи испаѓаат во Првата македонска лига мажи, за натпреварувачката сезона 2026/2027 година.

**РАСПОРЕД ЗА ОДИГРУВАЊЕ НА НАТПРЕВАРИТЕ ЗА СЕЗОНА 2025/26 ГОДИНА**

| 2025 ГОДИНА | | |
|---|---|---|
| СЕПТЕМВРИ | | |
| ДАТУМ | ДЕН | КОЛО / НАСТАН |
| 28 | НЕДЕЛА | СУПЕР КУП, „Драган Василов - Цевка“ |
| ОКТОМВРИ | | |
| 4/5 | САБОТА/НЕДЕЛА | 1 КОЛО |
| 11/12 | САБОТА/НЕДЕЛА | 2 КОЛО |
| 18/19 | САБОТА/НЕДЕЛА | 3 КОЛО |
| 25/26 | САБОТА/НЕДЕЛА | 4 КОЛО |
| НОЕМВРИ | | |
| 1/2 | САБОТА/НЕДЕЛА | 5 КОЛО |
| 8/9 | САБОТА/НЕДЕЛА | 6 КОЛО |
| 15/16 | САБОТА/НЕДЕЛА | 7 КОЛО |
| 22/23 | САБОТА/НЕДЕЛА | 8 КОЛО |
| 27 | ЧЕТВРТОК | РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА (МАКЕДОНИЈА - АЗЕРБЕЈЏАН) |
| 30 | НЕДЕЛА | РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА (ИРСКА - МАКЕДОНИЈА) |
| ДЕКЕМВРИ | | |
| 6/7 | САБОТА/НЕДЕЛА | 9 КОЛО |
| 13/14 | САБОТА/НЕДЕЛА | 10 КОЛО |
| 20/21 | САБОТА/НЕДЕЛА | 11 КОЛО |
| 27/28 | САБОТА/НЕДЕЛА | КВАЛИФИКАЦИИ ЗА КУП НА РМ, ДВОЈКИ 5-12, 6-11, 7-10, 8-9. |

НАПОМЕНА: ПРВИТЕ ЧЕТИРИ ЕКИПИ (1-4) ГИ ЧЕКААТ СВОИТЕ ПРОТИВНИЦИ. СЕ ИГРА ЕДЕН НАТПРЕВАР, А ПОБЕДНИЦИТЕ ВЛЕГУВААТ КАКО МЕСТА 5-8 ВО КУПОТ НА Р. МАКЕДОНИЈА „БЛАГОЈА ГЕОРГИЕВСКИ – БУШТУР 2026“ КОЈ ЌЕ СЕ ОДИГРА ВО ПЕРИОДОТ, 13.02 – 15.02.2025 ГОДИНА

| 2026 ГОДИНА | | |
|---|---|---|
| ЈАНУАРИ | | |
| 10/11 | САБОТА/НЕДЕЛА | 12 КОЛО |
| 17/18 | САБОТА/НЕДЕЛА | 13 КОЛО |
| 24/25 | САБОТА/НЕДЕЛА | 14 КОЛО |

| ФЕВРУАРИ | | |
|---|---|---|
| 31.01/1 | САБОТА/НЕДЕЛА | 15 КОЛО |
| 7/8 | САБОТА/НЕДЕЛА | 16 КОЛО |
| 13 | ПЕТОК | 1/4 ФИНАЛЕ - КУП НА РСМ, „Благоја Георгиевски - Буштур“ |
| 14 | САБОТА | 1/2 ФИНАЛЕ - КУП НА РСМ, „Благоја Георгиевски - Буштур“ |
| 15 | НЕДЕЛА | ФИНАЛЕ - КУП НА РСМ, „Благоја Георгиевски - Буштур“ |
| 21/22 | САБОТА/НЕДЕЛА | 17 КОЛО |
| 27 | ПЕТОК | РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА (МАКЕДОНИЈА - ЛУКСЕМБУРГ) |

| МАРТ | | |
|---|---|---|
| 2 | ПОНЕДЕЛНИК | РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА (АЗЕРБЕЈЏАН - МАКЕДОНИЈА) |
| 7/8 | САБОТА/НЕДЕЛА | 18 КОЛО |
| 14/15 | САБОТА/НЕДЕЛА | 19 КОЛО |
| 21/22 | САБОТА/НЕДЕЛА | 20 КОЛО |
| 28/29 | САБОТА/НЕДЕЛА | 21 КОЛО |
| АПРИЛ | | |
| 4/5 | САБОТА/НЕДЕЛА | 22 КОЛО |
| 11/12 | САБОТА/НЕДЕЛА | ПЛЕЈ ОФ 1 / ПЛЕЈ АУТ 1 |
| 15 | СРЕДА | ПЛЕЈ ОФ 2 / ПЛЕЈ АУТ 2 |
| 18/19 | САБОТА/НЕДЕЛА | ПЛЕЈ ОФ 3 / ПЛЕЈ АУТ 3 |
| 22 | СРЕДА | ПЛЕЈ ОФ 4 / ПЛЕЈ АУТ 4 |
| 25/26 | САБОТА/НЕДЕЛА | ПЛЕЈ ОФ 5 / ПЛЕЈ АУТ 5 |
| МАЈ | | |
| 2/3 | САБОТА/НЕДЕЛА | 1/2 ФИНАЛЕ 1 |
| 6 | СРЕДА | 1/2 ФИНАЛЕ 2 |
| 9/10 | САБОТА/НЕДЕЛА | 1/2 ФИНАЛЕ 3 (АКО ТРЕБА) |
| 16/17 | САБОТА/НЕДЕЛА | ФИНАЛЕ 1 / ЗА ТРЕТО МЕСТО 1 |
| 20 | СРЕДА | ФИНАЛЕ 2 / ЗА ТРЕТО МЕСТО 2 |
| 23/24 | САБОТА/НЕДЕЛА | ФИНАЛЕ 3 / ЗА ТРЕТО МЕСТО 3 (АКО ТРЕБА) |
| 27 | СРЕДА | ФИНАЛЕ 4 (АКО ТРЕБА) |
| 30/31 | САБОТА/НЕДЕЛА | ФИНАЛЕ 5 (АКО ТРЕБА) |

НАПОМЕНА: Федерацијата го задржува правото за промена на календарот и распоредот, доколку за тоа има причини.

ПРИМЕРИ:

- Доколку екипата на КК „Пелистер“ од Битола се пласира во завршницата од ФИБА натпреварувањето, календарот може да претрпи дополнителни измени.
- Доколку екипите на КК „МЗТ Скопје Аеродром“ од Скопје и КК „ТФТ“ од Скопје, се пласираат во Плеј офот на АБА 2 лигата, календарот ќе претрпи дополнителни измени за натпреварувачката сезона 2025/26, односно првенството може да заврши и подоцна.

Комесар за натпреварување,

Александар Милојевиќ